Бр./Nr 12 - 1843/2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

10 -02- 2023 г./v. (2021)

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 81-та седница одржана на 03.02.2023 година ја донесе следната

*О Д Л У К А*

Пријавата заведена под број 12-1843/1 од 10.05.2021 година, во врска со барање на мислење на имотно правен спор, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Предметот со број 12-1843/1 од 10.05.2021 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Од страна на познат подносител, -------------- од ---------, на ден 10.05.2021 година, поднесена е пријава во која бара мислење од ДКСК во врска со личен имотно правен спор и оформен е предмет со број 12-1843/1 од 10.05.2021 година.

Подносителот на пријавата наведува дека при авионското снимање во с.------------- катастарска општина -------------, неговиот чичко ------------, зет и ќерка, целиот имот на парцелата со број ----- го обележале како нивни заедно со делот од парцелата што му припаѓал на неговиот брат -----------.

Имено, подносителот наведува дека неговиот чичко искористувајќи го снимањето од 1965 година, целиот имот успеал да го префрли на негово име.

По смртта на сопственикот и неговиот брат, наведениот имотот го користат и располагаат ---------- и ----------------, односно ќерката и зетот на ---------------.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај, односно да дава мислење за имотно-правни спорови.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил:м-р К.З
Одобрил:м-р В.Г, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател
Билјана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk